Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 16.06.2020

На 16.06.2020 во 01,40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на кеј "Димитар Влахов", го лишиле од слобода К.М.(21) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.06.2020 во 12,50 часот, полициски службеници од СВР Скопје во градскиот парк го лишиле од слобода Д.К.(18) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.06.2020 во 14,10 часот, полициски службеници од СВР Скопје во градскиот парк го лишиле од слобода А.К.(32) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.06.2020 во 22,10 часот, полициски службеници од СВР Скопје во градскиот парк ги лишиле од слобода Д.К.(23) и А.М.Д.(21) двете од Скопје затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 15.06.2020 во 15,30 часот, од страна на полициски службеници од СВР Скопје на ул."1732" при извршен преглед кај В.К.(34) од Скопје бил пронајден нож на расклопување. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.06.2020 во 01,54 часот, од полициски службеници од СВР Скопје на ул."Ѓуро Ѓоновиќ" при извршен преглед кај Р.О.(22) од Скопје бил пронајден нож. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.06.2020 во 10,35 часот во Полициската станица Чаир М.Ч.(30) од Скопје пријавил дека на ул."Радишанска" бил каснат од куче скитник.

На 15.06.2020 во 17,10 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Благоја Стефковски" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „БМВ 530" со скопски регистарски ознаки управувано од Ф.В.(27) од Скопје и патничко моторно возило „киа" со скопски регистарски ознаки управувано од Д.Ѓ.(58) од Скопје. Во незгодата Д.Ѓ. се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 15.06.2020 во 16,30 часот било пријавено дека во Битола на крстосницата од ул.„ 8 ми Септември" и ул.„7 ми Јули" Б.Б. (54) од Битола управувајќи мопед „драгон" со битолски регистарски ознаки паднал на коловозот. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Клиничката болница Битола за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Битола.

Во текот на 15.06.2020 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје санкционирани се две возила бидејќи биле технички неисправни, четири возила биле нерегистрирани, тројца возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, и 25 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 16.06.2020 во 04,30 часот полициски службеник од Полициската станица Ѓорче Петров пријавил дека околу 02,10 часот на ул."1" при превземање на службени дејствија бил физички нападнат од У.Б.(24) од Скопје. Тој бил приведен во полициска станица и по целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.06.2020 во 09.20 часот било пријавено дека пред Основен суд во Радовиш бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.И. (23), А.И.(29), А.И.(44), Р.И.(42) и Е.Ј.(48), од една страна и А.Ш.(22), Н.Н. (41), Е.Н.(28), И.Н.(66) и У.Н.(17), од друга страна, сите од Радовиш. По целосно документирање на случајот, против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.06.2020 година во 05,00 часот, било пријавено дека на ул.„Широк Сокак" во Битола, во продавница за часовници и накит непознато лице со тврд предмет го скршил стаклото од излогот и од изложната витрина и извршил тешка кражба одземајќи 28 машки часовници, стекнувајќи се со противправна имотна корист во вредност од 575.000 денари. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР-Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.06.2020 околу 21,30 часот, пријавено е дека на ул.„Франц Прешерн" во Скопје, во својот дом, полициски службеник од Полициската станица Ѓорче Петров, додека го проверувал службениот пиштол испукал еден куршум при што се повредил во пределот на левата надколеница. Потоа бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. За настанот бил известен Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ѓ.Ѓ.(35) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "разбојничка кражба". Имено на 17.05.2020, тој влегол во куќата на оштетената и одзел златен накит, а потоа на заминување во куќниот двор држејќи нож во раката упатил закани по животот на оштетената.

СВР Прилеп поднесе кривична пријава против А.Т.(25) и Б.Р.(28) двајцата од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "напад врз службено лице при вршење на работи од безбедноста". На 13.06.2020 при вршење на редовна контрола од полициски службеници било забележано патничко возило „пежо", кое се движело по бул.„Гоце Делчев" и од нивна страна му било даден знак "стоп", но истото не застанало. Потоа полициски службеници кои биле поставени на крстосницата со ул. „Самоилова" и ул."Марксова" дале санак за запирање, но возилото со голема брзина се упатило кон нив при што се здобиле со повреди. Истото возило на неколку наврати било запирано од патролните служби на регионалниот пат од Прилеп-Македонски Брод, по што биле сопрени на земјен пат од градските гробишта Прилеп кон Варош. Пријавените биле приведени во Полициската станица Прилеп и за А.Т. судија на претходна постапка при Основен суд – Прилеп, одредил мерка притвор.

На 15.06.2020 во 12.35 во СВР Велес било пријавено дека во болницата во Велес било донесено починато седумгодишно дете, кое претходно имало здравствени проблеми. По наредба на Јавен обвинител телото било испратено на обдукција во Институтот за судска медицина во Скопје.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.С.(35), С.С.(37), Е.И.(49) и Б.С. (33) сите од с.Никуштак - Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "насилство". На 15.04.2020 во с.Никуштак додека пријавените извршувале земјоделски работи, со патничко возило наишол Е.А. од с.Никуштак заедно со неговиот малолетен син, кој излегол од возилото по што пријавените почнале вербално расправија со него, а потоа и физички го нападнале нанесувајќи му телесна повреда. Е.А. бил пренесен во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.Ќ.(40) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "неовластено производство и муштаење во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 05.07.2019 на ул. „Штипска" во Тетово, во домот на пријавениот, од страна на полициски службеници бил извршен претрес и пронајдена и одземена е марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.К.(32) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "измама". Пријавениот во периодот од 30.08.2016 до 23.09.2016 преку огласна страна „најди работа" го довел во заблуда оштетениот Г.М. од Кочани претставувајќи му се како лице кое посредувало за вработување во Р.Германија. Оштетениот, во неколку наврати уплатил парични средства од 106.790 денари на сметката на пријавениот за да му средел работа во Германија.

СВР Струмица, СВР Охрид, СВР Битола и СВР Штип подесоа 13 кривични пријави против: Р.Р.(58), М.Т.(28), У.И.(18), М.К.(21) сите од Струмица, С.П. (24), Р.П.(28), К.В.(20), Е.М.(40), С.П.(34) сите од Дебар, а беле лишени од слобода, А.Т.(22) од Кичево, С.Б.(53) од с.Дебриште – Долнени, Т.З.(56), Н.И.(42) двајцата од Делчево за сторени кривични дела "непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет